


Единицата за економски криминал и соработка (ECCU) на Генералниот директорат за човекови права и владеење на правото на Советот на Европа е одговорна за проектирање и за спроведување програми за техничка помош и соработка, чија цел е олеснување и поддршка на реформите за борба против корупцијата, за добро владеење и за борба против перење пари во земјите-членки на Советот на Европа, како и во некои земји што не се членки.




*„За истражување на корупција и на перење пари и за потрага и запленување приходи од криминални активности – вклучувајќи и преку граници – потребна е употреба на современи и ефикасни методи од националните служби за спроведување на законот. Во последните две децении Советот на Европа ја интензивираше својата работа на развојот и надгледувањето на спроведувањето на неговите правни инструменти во овие области. Групата држави против корупцијата (GRECO) ја надгледува усогласеноста со стандардите за борба против корупцијата на Советот на Европа преку динамичен процес на меѓусебно оценување, додека Комитетот на експерти на Советот на Европа за борба против перење пари и финансирање терористички активности (MONEYVAL) ја оценува усогласеноста со релевантните глобални стандарди“.*

**MKD**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 држави членки, од кои 28 се истовремено и членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

---

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОРАТ I – ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО**

**ДИРЕКТОРАТ ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АКЦИЈА ПРОТИВ КРИМИНАЛОТ**

**ЕДИНИЦА ЗА СОРАБОТКА И ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ**

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАГА НА КОРУПЦИЈА И ИЗМАМИ ПРЕКУ ПРОЦЕДУРИ НА РЕВИЗИЈА“

**ТИРАНА, АЛБАНИЈА, 27 – 28 МАЈ 2015 ГОДИНА**

**СО УЧЕСНИЦИ ОД:**

- АЛБАНИЈА
- БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА
- ХРВАТСКА
- КОСОВО*
- ЦРНА ГОРА
- СРБИЈА
- ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И
- СЕКРЕТАРИЈАТ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

*Секакво споменување на Косово во смисла на територијата, институциите или населението, во овој текст треба да се толкува во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации и без прејудицирање на статусот на Косово.

**За што е Конференцијата?**

Измамата и корупцијата имаат уништувачки ефекти и штетат на довербата на граѓаните во јавните институции. Корупцијата во јавниот сектор стана водечка грижа на законодавците во светот.

Воспоставувањето државни ревизорски институции беше еден од главните чекори во спречувањето и во контролата на злоупотребата на јавните фондови. Меѓутоа, ревизиите често можат да заземат еднострант пристап барајќи строго почитување на процедурите, со што понекогаш се превидуваат системските криминални активности што резултираат со загуба на јавни средства. Според тоа, се чини дека посилна соработка со службите за спроведување на законот претставува прв чекор да се одговори на овој предизвик.

Овој чекор оди паралелно со зголемената желба меѓу законодавците да преземат иницијатива, да ја зголемат соработката и подобро да ги поврзат различните институции за ефикасно да се борат против корупцијата и против другите форми на економски криминал. Ова изгледа како тежок потфат, особено за јурисдикции со слаба институционална рамка и недостиг од експертиза.

Затоа на оваа Конференција ќе се разменат гледишта, ќе се процени сегашната состојба и ќе се бараат решенија за различните проблеми што се јавуваат во овие процеси. Нејзината цел е трикратна:

- да претстават добри практики за начинот на кој ревизорските процедури можат да иницираат кривична истрага за корупција во јавниот и во приватниот сектор;
- да идентификува типологии на овие кривични дела; и
- да се продискутира и да се споделат моделите и практиките на заедничките истражни тимови, особено нивната структура и истражните капацитети.

**За кого е наменета Конференцијата?**

- Претставници на државни ревизорски институции;
- Претставници на структури од службите за спроведување на законот (првенствено полициски службеници што работат на финансиски истраги);
- Обвинители; и
- Судии.

Освен делегациите, на конференцијата ќе учествуваат експерти како и претставници на Секретаријатот на Советот на Европа.




| | **1 ден** |
|---|---|
| 9:30 – 10:00 | **Регистрација** |
| 10:00-10:30 | **Воведно излагање**<br>• *Претставник(ници) на Советот на Европа*<br>• *Претставник на ревизорската служба од земјата-домаќин* |
| 10:30-11:30 | **Сесија 1 – Модели на институционалната соработка во откривањето, истрагата и прогонувањето на дела на корупција и измама врз основа на ревизорски извештаи и наоди**<br>*Сите делегации се поканувааt да презентираат општа рамка што се однесува на ревизорски извештаи/процедури и нивните услови за откривање/pokrenuvanje na obvinenia за корупција и измама; институционална соработка во истрагите на наводни дела на корупција и измама; заеднички истражни тимови – модел и добра практика:*<br>• **Албанија** (15 мин.)<br>• **Босна и Херцеговина** (15 мин.)<br>• **Хрватска** (15 мин.)<br>• **Косово*** (15 мин.)<br>*Модератор: Претставник од Секретаријат/стручњак на Советот на Европа* |
| 11:30-12:00 | **Кафе-пауза** |
| 12:00-13:00 | **Сесија 1 - Модел на институционална соработка во откривањето, истрагата и во гонењето на делата корупција и измама врз основа на ревизорски извештаи и наоди** *(продолжува)*<br>• **Црна Гора** (15 мин.)<br>• **Србија** (15 мин.)<br>• **Поранешна Југословенска Република Македонија** (15 мин.)<br>*Модератор: Претставник од Секретаријат/стручњак на Советот на Европа* |
| 13:00-14:30 | **Пауза за ручек** |
| 14:30-15:00 | **Коментари и забелешки за презентациите од државите**<br>• *Панел-стручњаци од Советот на Европа* |
| 15:00-15:30 | **Пример на добра практика: Прирачник за практичари за истрага и гонење на корупција и измама - изработен за Проектот PACS Србија од страна на Советот на Европа/ЕУ**<br>• *Делегација од Србија* |
| 15:30-16:30 | **Дискусија и заклучоци** |

| | **2 ден** |
|---|---|
| 10:00-11:00 | **Типологии на корупција и измама - тенденции и концепти**<br>• *Презентации од стручњаци на Советот на Европа*<br>• *Повратни информации и коментари од делегации* |
| 11:00-11:30 | **Кафе-пауза** |
| 11:30-13:30 | **Работа во групи**<br>*Делегациите им се доделуваат на фокус-групите. Со помош на стручњаци/Секретаријатот на Советот на Европа секоја група треба да развие типологија на дела на корупција и измама што се карактеристични за регионот и конкретно за областа на нивната правна надлежност.* |
| 13:30–14:30 | **Пауза за ручек** |
| 14:30-15:30 | **Презентација на типологии**<br>*Секоја група именува известувач што, заедно со стручњакот на Советот на Европа, ќе ги презентира типологиите изработени од групата*<br>• *Известувач: Стручњак(ци)/Секретаријат на Советот на Европа* |
| 15:30-16:00 | **Дискусија и финализација на предложените типологии**<br>• *Известувач: Стручњак(ци)/Секретаријат на Советот на Европа* |
| 16:00-16:30 | **Заклучни забелешки и препораки** |

**За дополнителни информации јавете се во:**

Единица за стопански криминал и соработка
Одделение за акција против криминал
Директорат за човекови права и за владеење на правото Совет на Европа
е-адреса: contact.econcrime@coe.int
веб-страница: **www.coe.int/corruption**